ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

01 2021 12 01

Скопје, април 2022

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 5 |
| Финансиски извештаи за 2019 и 2020 година: | |
| Биланс на успех | 6 |
| Биланс на состојба | 7 |
| Преглед на промени на капиталот и резервите | 8 |
| Извештај за паричниот тек | 9 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 10 - 16 |
| - Сметководствени политики | 16 - 25 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 26 - 36 |

Прилог број 1 – Одговор на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

АД – Акционерско друштво

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 10-695/5

Дата: 14.04.2022

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме


Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година изразивме мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија за 2014 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, при што изразено е мислење без резерва за вистинитото и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во финансиските извештаи за 2014 година и за усогласеноста на трансакциите и активностите рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики, чиј назив во 2021 година со Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот е заменет со називот „Развојна банка на Северна Македонија".

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ја обелоденивме состојбата за отпочнати судски спорови, чие решавање зависи од идни настани, кои можат да влијаат врз финансиските извештаи.

Од страна на раководството на субјектот, добиен е одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор со кој информира дека по истиот нема забелешки.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 6 до 9 заедно со ревизија на усогласеност на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед за промени на капиталот и резервите за 2020 година, Извештај за паричниот тек и применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија за 2014 година и издаден е Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Македонската банка за поддршка на развојот АД Скопје, чиј назив во 2021 година со Законот за изменување и дополнување на Законот за Македонската банка за поддршка на развојот е заменет со називот „Развојна банка на Северна Македонија", при што изразено е мислење без резерва за вистинитото и објективно прикажување на финансиската состојба и резултатот на финансиските активности во финансиските извештаи за 2014 година и за усогласеноста на трансакциите и активностите рефлектирани во финансиските извештаи со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје застапувано од:

- Кире Наумов – главен извршен директор од 26.11.2019 година и
- Фарук Исмаили – главен оперативен директор од 20.12.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешната контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали (се наведува информацијата на предметната материја) се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 06.12.2021 до 25.02.2022 година кај Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 11-136/2 од 04.08.2015 година, со што утврдивме дека дадената препорака е спроведена односно пресметката на основната плата на вработените во Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје е согласно концептот на бруто плата.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, на ден 01.03.2022 година.

Од страна на раководството на субјектот добиен е одговор на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 03-706/6 од 22.03.2022 година, заведен во Државниот завод за ревизија под број 10-695/4 од 29.03.2021 година, со кој информира дека по истиот нема забелешки.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје на ден 31 декември 2020 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

Согласно прегледот доставен од Службата за општи и правни работи, ја обелоденуваме следната состојба:

- Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје е тужена странка во судски предмети по следниве основи:
  - 2 (два) предмета по основ на долг за неисплатени полиси за краткорочно осигурување на побарувања, во вкупна вредност од 36.153 илјади денари и
  - 1 (еден) предмет по основ на надомест на штета, неосновано раскинување договор, надомест на штета и стекнато без основ, во вкупна вредност од 686 илјади денари.
- Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје се јавува како тужител во судски предмети по следниве основи:
  - 2 (два) предмета за надомест на штета и наплата на долг, во вкупна вредност од 4.901 илјади денари и
  - 3 (три) предмети за утврдување на разлачно право, во вкупна вредност од 40.215 илјади денари.

Обрнуваме внимание дека отпочнатите судски спорови, чие решавање зависи од идни настани, можат да влијаат врз финансиските извештаи.

| БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-женија | 2020 | 2019 |
| Приходи од камата | 3.1. | 138.458 | 157.640 |
| Расходи од камата | 3.2. | (55.004) | (73.439) |
| Нето-приходи/(расходи) од камата | | 83.454 | 84.201 |
| Приходи од провизии и надомести | 3.3. | 29.796 | 38.439 |
| Расходи за провизии и надомести | 3.4. | (9.779) | (26.335) |
| Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести | | 20.017 | 12.104 |
| Нето добивка од курсни разлики | 3.5. | 6.606 | - |
| Нето загуба од курсни разлики | | - | (243) |
| Останати приходи од дејноста | 3.6. | 1.140 | 4.899 |
| Трошоци за вработените | 3.7. | (37.941) | (34.215) |
| Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | 3.8. | (5.328) | (4.781) |
| Исправка на вредност, посебна резерва и рзервирањата | 3.9. | (13.349) | (17.714) |
| Останати расходи од дејноста | 3.10. | (19.096) | (23.465) |
| ДОБИВКА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | | 35.503 | 20.786 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | | 35.503 | 20.786 |
| **Данок од добивка** | 3.11. | 3.747 | 2.419 |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | | 31.756 | 18.367 |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2020 | 2019 |
| **Актива** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 1.256.699 | 773.636 |
| Кредити на и побарувања од банки | 4.2. | 10.546.581 | 9.328.142 |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 4.3. | 81.893 | 79.493 |
| Останати средства/побарувања | 4.4 | 3.429 | 18.721 |
| Одложени приходи и однапред платени трошоци | 4.5. | 523 | 488 |
| Нематеријални средства | 4.6. | 755 | 923 |
| Материјални средства | 4.7. | 107.274 | 111.157 |
| **Вкупна актива** | | **11.997.154** | **10.312.560** |
| Вонбилансна евиденција - актива | 4.16. | 578.312 | 386.275 |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Обврски** | | | |
| Обврски кон банки | 4.8. | 9.061.296 | 7.594.591 |
| Обврски кон други комитенти | 4.9. | 71.472 | 78.620 |
| Останати обврски | 4.10. | 192.787 | 7.454 |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи во идните периоди | 4.11. | 3.529 | 3.132 |
| Резервирања за ризици и обврски | 4.12. | 16.853 | 9.303 |
| **Вкупно обврски** | | **9.345.937** | **7.693.100** |
| | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Запишан капитал | 4.13. | 1.193.792 | 1.193.792 |
| Резерви | 4.14. | 1.425.669 | 1.407.301 |
| Добивка за финансиска година | 4.15 | 31.756 | 18.367 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **2.651.217** | **2.619.460** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **11.997.154** | **10.312.560** |
| Вонбилансна евиденција - пасива | 4.16. | 578.312 | 386.275 |

ПРЕГЛЕД

НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ДОБИВКА ЗА ФИНАНСИСКАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | | 3 | 4 | 5=(2+3+4) |
| Состојба 01.01.2020 година | 1.193.792 | 1.407.301 | 18.367 | | 2.619.460 |
| Распоред на нето добивка за деловната година | | 18.367 | (18.367) | 31.756 | 31.756 |
| Состојба 31.12.2020 година | 1.193.792 | 1.425.669 | 0 | 31.756 | 2.651.217 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК | | |
|---|---|---|
| **За годината завршена на 31 декември** | **2020** | **2019** |
| **Паричен тек од основна дејност** | во 000 денари | во 000 денари |
| Добивка/Загуба пред оданочување корегирана за: | 35.503 | 20.786 |
| Амортизација на: | | |
| нематеријални средства | 800 | 283 |
| недвижности и опрема | 4.528 | 4.498 |
| Капитална добивка од: | | |
| продажба на преземени средтсва врз основ на ненаплатени побарувања | | (615) |
| Приходи од камата | (138.458) | (157.640) |
| Расходи за камата | 55.004 | 73.439 |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето основ: | | |
| дополнителна исправка на вредноста | 16.044 | 20.366 |
| ослободена исправака на вредност | (14.639) | (7.540) |
| основа: | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | 4.395 | 1.369 |
| Резервирања: | | |
| дополнителни резервирања | 9.700 | 10.860 |
| ослободени резервирања | (2.150) | (7.341) |
| Наплатени корекции | 139.472 | 164.949 |
| Платени камати | (57.759) | (77.550) |
| **Добивка од дејноста пред промените во деловната актива** | **52.440** | **45.864** |
| *Зголемувања/намалувања на деловна актива* | | |
| Кредити на и побарувања од банки | (1.222.303) | (167.352) |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | (331) | (27.128) |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | | 615 |
| Останати побарувања | 8.117 | (6.755) |
| Останати обврски | 185.434 | 1.441 |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочувањето** | **(976.643)** | **(153.315)** |
| (Платен)/поврт на данок на добивка | | (869) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | **(976.643)** | **(154.184)** |
| **Паричен тек од инвестициска дејност** | | |
| Набавка на нематеријални средства | (632) | (916) |
| Набавка на недвижности и опрема | (645) | (3.766) |
| **Нето паричен тек од инвестициска дејност** | **(1.277)** | **(4.682)** |
| **Паричен тек од финасирањето** | | |
| Отплата на обврски по кредити | (2.017.499) | (2.460.434) |
| Зголемување на обврските по кредити | 3.479.812 | 2.702.051 |
| **Нето паричен тек од финасирањето** | **1.462.313** | **241.617** |
| Ефект од исправка на вредноста на паричните срдетсва и паричните еквиваленти | (1.330) | (7.189) |
| **Нето зголемување/намалување на паричните средства и еквиваленти** | **483.063** | **75.562** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | 773.636 | 698.074 |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | **1.256.699** | **773.636** |